Macedonian | Македонски

# Донесувајте безбедни одлуки за време на цунами

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

## Знајте ги предупредувањата



- **Совет - Бидете информирани**
- **Предупредување за вонредни ситуации - Избегнувајте ја областа**
- **Предупредување за вонредни ситуации - Евакуирајте се**
- **Совет - Следете ги условите**
- **Совет - Намалена закана, вратете се претпазливо**

## Дејствувајте безбедно

Следете ги сите совети дадени во предупредувањето за цунами:

За **предупредувањето за вонредни ситуации - Избегнувајте ја областа** - излезете од водата и оддалечете се од крајбрежните области и проточните води кои се поврзани со океанот.

За **предупредувањето за вонредни ситуации - Евакуирајте се** - оддалечете се најмалку 1 километар во внатрешноста на копното. Ако не можете да заминете, појдете во цврста зграда, најмалку 10 метри над вообичаеното ниво на морето.

## Следете го вашиот план за евакуација од цунами

- Одете пеш до вашата безбедна област; не возете бидејќи патиштата може да бидат блокирани од прекумерен сообраќај.
- Земете го со вас комплетот за итни ситуации.
- Погрижете се вашите соседи, семејството и пријателите да се запознати со најновите предупредувања.
- Слушајте го вашето локално радио и телевизија за најнови вести.

## Ако сте се евакуирале

Бирото за метеорологија ќе издаде **Прекин на набљудување за цунами** или **Прекин на предупредување за цунами** кога ќе заврши заканата од цунами.

SES на Нов Јужен Велс ќе издаде **совет: Вратете се претпазливо** кога е безбедно да се вратите во погодената област.






Јавете се на **SES на Нов Јужен Велс** на **132 500** ако ви треба итна помош или на **три нули (000)** ако сте во ситуација опасна по животот.

Во ситуации опасни по животот, јавете се на **три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES